КАРПОШ
неделен
Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

14 - 20 јуни 2021 Билтен бр. 429

КАРПОШ-РАМНОПРАВНА И ЗА ЖЕНИТЕ И ЗА МАЖИТЕ

Општина Карпош активно се вклучи во проектот „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“. Тоа значи подготовка како да се вклучат родовите перспективи во креирање на општинските политики, првенствено преку преструктуирање на приходите и расходите во општинскиот буџет со цел да се дојде до родовата рамноправност.

Или практично, како при креирање на годишните програми за работа на сите сектори и одделенија во Општината и долгорочните стратегии да бидат вклучени жените и мажите соодветно на потребите, односно општинската каса да стане родово сензитивна.

Мапирање на специфичните потреби на жените, утврдување на приоритетите, отстранувањето на сите видови дискриминација, еднаков пристап до услугите се чекорите преку кои може да се надмине постоечкиот јаз во процесот на одлучување, женската неплатена работа и помала присутност на пазарот на трудот и нивна потполна интеграција во општеството, се точките кои преку алатката родов одгововорен буџет може да се надминат и унапредат.

Ова беше суштината на тридневната обука на која три претставнички од Општина Карпош (координаторката и заменик-координаторката за еднакви можности на жените и мажите и претставничка од секторот за финансиски прашања), заедно со 20-тина други од 10 општини во државата, минатите денови, во Охрид се обучуваа за вклучување на родовите перспективи во политиките на локалните власти, согласно Глобалните цели на ОН 2015-2030, Истанбулската конвенција, правните акти на ЕУ и другите меѓународно усвоени документи за родовите прашања.

Обуката ја одржаа експерти-ментори од UN WOMEN-тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените кои долгорочно го следат и ќе го унапредуваат овој процес во соработка со локалните самоуправи. Проектот е финансиски поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој – Сида.

ПОТПИШАН Е ДОГОВОРОТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЛОЧНИКОТ ВО ПОРТА ВЛАЕ

Градоначалникот на општина Карпош, Стефан Богоев денеска го потпиша договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски, во врска со изведба на проектот: „Партерно уредување – реконструкција на пешачка зона (платформа) на станбено – деловен комплекс – Порта Влае (прва фаза)“.

Во првата фаза од реконструкцијата, ќе бидат реконструирани 6.000 м2 површина од плочникот во Порта Влае. Вредноста на оваа фаза е проценета на 25.500.000 денари (со вклучен ДДВ) и истата ќе биде финансирана од „ТАВ Македонија“.

Покрај поставувањето на нови гранитни плочки, предвидена е и обнова на хидроизолацијата, со цел да се спречи протекување на вода во гаражните делови.

Инаку, вкупната површина која ќе биде реконструирана изнесува 14.380 м2. Општина Карпош го има подготвено и основниот проект за реконструкција на плочникот, а Советот ја донесе и развојната програма за негово фазно финансирање.

Порта Влае е еден од пофреквентните делови во Карпош. Тука се лоцирани и повеќе деловни субјекти, а е и место каде што граѓаните поминуваат дел од своето слободно време.

КАРПОШ ГИ НАГРАДИ ПРВЕНЦИТЕ НА ГЕНЕРАЦИЈА

Во еко – училницата на основното училиште „Вера Циривири – Трена“, во Карпош 2, денеска беа доделени признанијата на првенците на генерација од сите десет основни училишта во Карпош. Локалната самоуправа доделува по 10.000 денари на секој ученик – првенец од своето училиште, со што се наградува одличниот успех и постигнати резултати, но и ги мотивира за натамошна креативност и успеси.

Признанијата ги додели градоначалникот на општина Карпош, Стефан Богоев, кој на младите им посака успешен упис во средните училишта и уште многу успеси во понатамошниот тек од животот.

Овае личен успех за вас, но и големо задоволство за вашите родители, затоа што децата се „огледало“ на родителите. Ова е успех и за вашите наставници, училиштетои за нас како општина.Продолжете да бидете најдобри, но не дозволувајте да бидете под притисок и ова достигнување да ви претставува товар. Грешките и неуспесите се дел од нашето секојдневие. Не е страшно и да добиете пониска оценка, но важно е таа да биде ваша, реална и заслужена. Не е страшен и неуспехот, само треба да си дадете време, да работите и да не се откажувате, рече Богоев.

Учениците споделија свои највпечатливи моменти од основното образование, а го кажаа и нивниот избор за средно образование. Најголем дел од нив ќе продолжат во гимназиите на територија на Карпош, пред се во „Орце Николов“ и „Георги Димитров“.

Градоначалникот Богоев им порача да веруваат во себе и никогаш да не ги демотивира фактот дека се млади, затоа што знаењето, постигнатите резултатите и желбата за работа не може никој да ни ги одземе.

ЛИСТА НА УЧЕНИЦИ – ПРВЕНЦИ НА ГЕНЕРАЦИЈА:
Клара Накова- ООУ „Аврам Писевски“
Горазд Темелковски- ООУ „Јан Амос Коменски“
Дора Данилова- ООУ „Петар Поп Арсов“
Лука Митев – ООУ „Братство“
Ива Шумковска- ООУ „Лазо Трповски“
Максим Неделкоски- ООУ „Вера Циривири – Трена“
Бојана Кралевска – ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“
Петар Јаневски – ООУ „Владо Тасевски“
Маша Блажева – ООУ „Димо Хаџи Димов“
Ана Младенова ООУ „Војдан Чернодрински“

КАРПОШ ПОДДРЖУВА ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

Иницијативата за спас и ревитализација на салата „Партизан“, развојот на мобилната апликација „м3аедница“, мобилните тимови кои ги организиравме со Сојузот на извидници и Црвениот крст, се само дел од неколкуте граѓански иницијативи кои општина Карпош ги поддржа и ги реализираше на локално ниво. Токму за граѓанското учество и поддршката на локални граѓански иницијативи се дебатираше на вчерашната јавна дискусија која се одржа во Кинотеката на РСМ, насловена како: „Граѓански придонес во развојот на општините“, во организација на здружението „Културно ехо“.

Градоначалникот на општина Карпош, Стефан Богоев зборуваше за соработката која се негува со граѓанските организации, а и одговараше на прашањата поставени од модераторот на дискусијата.

Богоев истакна дека фокусот треба да се стави на иницијативи на микро ниво. Токму затоа, општината и оваа година ќе организира маалски патроли, во соработка со СВР Скопје, ПС Карпош, родителските совети и урбаните заедници, каде што во вечерните часови ќе се обиколуваат детските игралишта за да се спречи евентуалното девијантно однесување и уништување на урбаната опрема.

Паралелно, Општината вложува и во граѓанското учество преку ресетирањето на локалниот младински совет.

Оваа недела, ќе го објавиме и јавниот повик за избор на членови на Локалниот младински совет. Целта е да добиеме тело кое ќе креира проекти и активности за млади на локално ниво и ги повикувам сите младински организации, ученици, средношколци, студенти, политички подмладоци, млади до 29 години да се пријават, рече Богоев.

На настанот учествуваше и претставничката од неформалната иницијатива „Не биди ѓубре“, Ирена Ристиќ и претставничката од иницијативата „На точак“, Ана Георгиева. Тие ја истакнаа потребата од уште поголема грижа за заштита на животната средина, активност на институциите, како и креирање на општина, град која ги задоволува потребите на велосипедистите.

Заеднички е заклучокот дека системски промени за поголемо граѓанско учество можат да се обезбедат, само со измени во законските регулативи и тоа во повеќе области.

Богоев го истакна позитивниот пример со формирањето на Партиципативно тело во областа на урбанистичкото планирање, каде преку измени во Законот за урбанистичко планирање, се овозможи уште поголемо учество на граѓаните, стручната фела – архитектите и организациите во процесот на носење на ДУП-ови.

Истото, треба да се повтори и во други области, за инклузивноста повеќе никогаш да не биде загрозена и да не зависи од политичката волја или промена на раководството во било која институција, посочи градоначалникот Богоев.

КАРПОШ Е ВИСТИНСКИ ПАРТНЕР НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ

Општина Карпош е во една од последните фази за ресетирање на Локалниот младински совет кој директно ќе учествува во креирањето локални политики, унапредена е поддршката за талентираните ученици – научници и спортисти, а повеќе треба да се обрне внимание на овозможување простори за започнување на бизнис во општината. Ова го констатираше градоначалникот на општина Карпош, Стефан Богоев на јавната дискусија за млади: „Од ветено до реализирано: Колку локалните младински политики беа во фокусот на градоначалниците“?, во организација на здружението „Лидери за едукација, активизам и развој“.

На јавната дебата се гледаше степенот на реализација на проектите за млади, ветени во изборните програми на градоначалниците во 2017 година.

Богоев се осврна на фактот дека младинското учество во Карпош е на многу повисоко ниво од порано.

Ова за мене е природно, затоа што и јас дојдов од младинскиот сектор и најголемата поддршка ја добив токму од младите. Покрај тоа што се законски обврски од Законот за младинско учество и младински политики, работиме и на други сегменти. Развивме мобилна апликација, „м3аедница“, која покажува дека 73 % од корисниците се млади луѓе до 29 години. Именувавме службеник за млади, а сега се фокусираме и да отвориме канцеларија за млади, рече Богоев.

Тој истакна дека особено е важна улогата на Локалниот младински совет. Тоа не смее да биде тело кое ќе се претопи во секојдневните активности и актуелни моменти туку да работи на среден и долг рок за потребите на младите луѓе.

Добро е младинскиот совет да се грижи и за заштита на јавните простори, раззеленување и изведба на детски игралишта, но одговорноста ќе биде и многу поголема. Очекувам ова тело да иницира соработка со приватните компании од нашата територија. На тој начин, да овозможиме пракса, волонтирање или работа за младите – жители на Карпош. Очекувам вмрежување со средните училишта и факултети, обуки, доусовршување, за младите да бидат поконкурентни на пазарот на трудот. Еве, овие денови овозможуваме пракса на ученици од средното економско – правно училиште „Васил Антевски – Дрен“, посочи градоначалникот.

Во интерактивниот дел, Богоев одговараше на прашањата од претставниците на младинските организации. Тие се интересираа за фактот како општината ги консултира младите за да се направи некое игралиште, парк или слично.

На крајот на секоја година правиме теренска анкета, која опфаќа различни возрасни групи, а спроведуваме и онлајн прашалник. На тој начин, директно, од секоја урбана заедница ги согледуваме реалните проблеми и потреби. Паралелно, имаме двонасочна комуникација преку „м3аедница“, социјалните мрежи, но важно е да се обезбеди системски механизам за младинско учество, а тоа ќе се овозможи преку Локалниот младински совет, одговори градоначалникот.

На настанот учествуваше и градоначалникот на град Скопје, Петре Шилегов, градоначалникот на Ѓорче Петров, Александар Наумоски и градоначалникот на Чаир, Висар Ганиу. Младинскиот настан го модерираше Блажен Малески од независната истражувачка организација „Реактор“.

Присутните даваа предлози и идеи за проекти кои би биле дел од новите изборни програми на градоначалниците.

КОНСТИТУИРАНО ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ ВО КАРПОШ

Општина Карпош е првата локална самоуправа која го започна ресетирањето на Локалниот младински совет согласно новиот Закон за младинско учество и младински политики.
Откако заврши јавниот повик за избор на Локално собрание за млади, во просториите на општина Карпош се одржа првата конститутивна седница на ова тело.
На овој начин, продолжи процесот за ресетирање на Локалниот младински совет, кое треба да биде претставничко тело на младите на локално ниво.
Од редот на младите луѓе, беше избрана претседавачка на ова тело. Станува збор за Бисера Лавачева. Исто така, избрана е и тричлена комисија чија задача е да го следи процесот за избор на членови на Локалниот младински совет.
Локалното собрание на млади ќе го објави и јавниот повик за членство во Локалниот младински совет.
Во претходниот период, општина Карпош назначи и службеник за млади, кое е контакт лице за младите луѓе и младинските организации.

КАРПОШ ОБЈАВИ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

Општина Карпош е во завршната фаза за формирање на Локалниот младински совет согласно Законот за младинско учество и младински политики.
Локалното собрание за млади на општина Карпош го распиша Јавниот повик за избор на членови на Локалниот младински совет. Овој повик ќе биде активен во текот на претстојните десет дена, а во ова претставничко тело можат да членуваат: младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички организации, студентски организации, млади луѓе – жители на Карпош од 15 до 29 години и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територија на општината.
Локалната самоуправа ги повикува сите заинтересирани млади, кои ги исполнуваат условите да се пријават на јавниот повик и да придонесат кон зголемено младинско учество на локално ниво (линк до Јавниот повик: https://bit.ly/35F72m9)
Потребните документи можат да се достават преку електронски пат, на е – mail адресата на Службеникот за млади, Борис Чурлинов – boris.curlinov@karpos.gov.mk или преку Архивата на Општина Карпош (ул. „Радика“ бр.9, барака 2).
Локалниот младински совет ќе претставува тело кое ќе ги штити интересите на младите луѓе од Карпош. Истото, ќе може да креира различни активности, проекти и политики со кои би се подобрил животот на младите луѓе од повеќе аспекти (економски развој и повисок стандард, вработување, пракса, доусовршување и сл.).
Општина Карпош продолжува со реализација на обврските од новиот Закон за младинско учество и младински политики. Претходно, беше номиниран и службеник за млади – контакт лице за младите и младинските организации од Карпош. Исто така, во претстојниот период ќе се отвори и Канцеларија за млади, која ќе претставува локална точка за младински иницијативи и активности во Карпош.

КАРПОШ ГО РЕКОНСТРУИРАШЕ ГЛАВНИОТ КОНАК НА СВ. ПАНТЕЛЕЈМОН

Завршија реставраторските и конзерваторски работи на главниот конак во манастирскиот комплекс Свети Пантелејмон, во Горно Нерези, општина Карпош.
Имено, општина Карпош целосно ја обнови столаријата и внатрешно го уреди конакот. Заврши реконструкцијата на подот, на тоалетите, а се направи и замена на прозорите. Исто така, поставен е и нов систем за противпожарна заштита и електрична инсталација.
На овој начин, целосно се врати во функција главниот конак на овој манастирски комплекс. Уште поважно е што истиот има автентичен и уникатен изглед, во духот на манастирската целина, имајќи го предвид фактот дека црквата Свети Пантелејмон е дел од нашето културно наследство која датира уште од дванаесетиот век.
За оваа инвестиција, општина Карпош искористи средства од 6 милиони денари од Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој. За оваа реконструкција, согласност даде и ресорното Министерство за култура.
Свети Пантелејмон е дел од националната туристичка мапа и со овој проект се придонесува кон негово заживување, со што станува уште поатрактивен за домашните и странски туристи.